РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец октомври 2019

Ноември, 2019

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 5

Јавни набавки ..... 5

Реализација на буџет ..... 6

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец октомври 2019 година примени се 90 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрено е 1 барање, објавени се 66 огласи, за вкупно 186 работни места за вкупно 189 извршители. За институциите од централната власт објавени се 41 јавни огласи за 129 работни места со 132 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 25 јавни огласи за 57 работни места со 57 извршители. На објавените огласи пријавени се 1320 кандидати, од кои 989 кандидати на огласи за институциите од централна власт, а 332 кандидати се пријавени за институциите од локалната власт.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| 90 | 1 | 66 | | 41 | | | | | 25 | | | | |
| Работни места | | | 186 | | 23 | 73 | 33 | 129 | | 9 | 37 | 11 | 57 |
| Извршители | | | 189 | | 23 | 73 | 36 | 132 | | 9 | 37 | 11 | 57 |
| Број на пријавени кандидати | | | 1320 | | 182 | 696 | 111 | 989 | | 33 | 253 | 46 | 332 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 32 | 20 | 3 | 44 | 6 | 53 | 12 | 1 | 13 | 4 | 18 |

*Табела 1. Јавни огласи октомври 2019*

Во истиот период октомври 2019 година спроведени се 57 административни селекции за пријавени 2254 кандидати, спроведени се 39 испити на кои што се поканети 312 кандидати, од кои полагале 147 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 30 огласи за 92 кандидати. Интервју е спроведено на 30 огласи со вкупно 82 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 32 огласи и предлог за избор на 71 кандидати, а од 32 спроведени огласи објавени се вкупно 71 одлуки за избор на кандидати за вработување.

<table>
<tr><th colspan="2">Административни селекции</th><th colspan="3">Спроведени Испити</th><th colspan="2">Спроведени проверки на веродостојност на докази</th><th colspan="2">Интервјуа</th><th colspan="2">Конечни ранг листи</th><th colspan="2">Примени и објавени Одлуки за избор</th></tr>
<tr><th rowspan="2">огласи</th><th rowspan="2">кандидати</th><th rowspan="2">огласи</th><th colspan="2">кандидати</th><th rowspan="2">огласи</th><th rowspan="2">кандидати</th><th rowspan="2">огласи</th><th rowspan="2">кандидати</th><th rowspan="2">огласи</th><th rowspan="2">кандидати</th><th rowspan="2">огласи</th><th rowspan="2">кандидати</th></tr>
<tr><th>поканети</th><th>полагале</th></tr>
<tr><td>57</td><td>2254</td><td>39</td><td>312</td><td>147</td><td>30</td><td>92</td><td>30</td><td>82</td><td>32</td><td>71</td><td>32</td><td>71</td></tr>
</table>

*Табела 2. Спроведени активности по огласи октомври 2019*

Во Агенцијата за администрација во месец октомври 2019 година примени се 24 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, запрени се 2 барања, објавени се 24 огласи, за вкупно 63 работни места за 63 извршители. За институциите од централната власт објавени се 12 интерни огласи за 36 работни места со 36 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 12 интерни огласи за 27 работни места со 27 извршители.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>**Вкупно**</th><th colspan="5">**Институции од централната власт**</th><th colspan="5">**Институции од локалната власт**</th></tr>
<tr><td rowspan="2">24</td><td rowspan="2">2</td><td rowspan="2">24</td><td rowspan="2"></td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td>12</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td>12</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>63</td><td rowspan="2"></td><td>11</td><td>19</td><td>6</td><td>36</td><td rowspan="2"></td><td>8</td><td>19</td><td>/</td><td>27</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>63</td><td>11</td><td>19</td><td>6</td><td>36</td><td>8</td><td>19</td><td>/</td><td>27</td></tr>
</table>

*Табела 3. Интерни огласи октомври 2019*

# Испит за административно управување

Во текот на месец октомври 2019 година спроведени се 10 испити за административно управување на кои се пријавиле 158 кандидати. Од нив на испитот се појавија 119 кандидати од кои испитот го положиле 99 кандидати (83%), а не го положиле 20 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени, 125 се вработени во јавен сектор, 14 во приватен сектор, додека 19 од пријавените кандидати биле невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | 158 | 119 | 99 | 20 | 125 | 14 | 19 |

*Табела 4. Административно управување октомври 2019*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец октомври 2019 година, беа поднесени 44 жалби. Во тековниот месец Комисијата одржа 7 седници, обработи 39 жалби, од кои 31 жалби се од државни службеници и 8 жалби од јавни службеници.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од државните службеници уважени се 7, одбиени 20, мериторно уважени 2 и за 1 жалба Комисијата се огласила за ненадлежна.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници уважена е 1 жалба, одбиени 6 и Комисијата се огласила за ненадлежна за 1 жалба.

| **Број на примени жалби и приговори** | | **Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј)** | | **Уважени** | | **Одбиени** | | **Отфрлени како недозволени** | | **Отстапени на друг орган** | | **Повлечени од подносител** | | **Не надлежност** | | **Мериторно уважени** | | **Мериторно одбиени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 33 | 11 | 31 | 8 | 7 | 1 | 20 | 6 | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | 2 | / | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во октомври 2019*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец октомври 2019 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 40 предмети од кои 9 се однесува на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 31 предмет се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови, граѓани и други, и тоа: Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат (1); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (3); Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (1); Виш управен суд (1); Управен суд (1); Пратеник (1); Инспекциски совет (3); Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија (1); Агенција за цивилно воздухопловство (1); Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Делчево (1); Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Кочани (1); Општина Тетово (1); Општина Лозово (1); Институт за истражување и анализа на политики Ромалитико (1); Адвокат (7); Административни службеници (2) и Граѓани (4).

На 24.10.2019 година, генералниот секретар на Агенцијата за администрација и државниот советник за правни работи, присуствуваа на промотивен настан одржан во рамките на проектот „Проценка на ранливост од корупција во политиките и постапките за вработување, со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам“, кој се одржа во х. Мериот во организација на ДКСК и Транспаренси Интернешнл- Македонија.

Во периодот од 31.10-02.11.2019 година, директорот на Агенцијата за администрација, Спасе Глигоров, советникот за нормативно-правни работи и соработникот за аналитичко-студиски работи, присуствуваа на 81-та Средба на правници во организација на Здружението на правници на Република Северна Македонија, која се одржа во х. Метропол, Охрид.

Вработени од Агенцијата во текот на месец октомври 2019 година присуствуваа на обуки на тема:

- „Континуирано професионално усовршување од областа на сметководството“, организирана од Рафајловски консалтинг ДОО, одржана во хотел Континентал Скопје, на 18.10.2019 година;

- „Вклучување на родовата перспектива во стратешкото планирање“, организирана од Министертство за труд и социјална политика, одржана во хотел Карпош Скопје, на 25.10.2019 година;

- „Основи правила и предизвици во процесот на изготвување на правните прописи, примена на номотехнички правила“, организирана од Друштво за консултантски услуги АЦТ ДОО Скопје, одржана на 31.10.2019 година.

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се 81 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 79 е одговорено, а за 2 електронски пораки во тек е подготовката на одговорите или не е одговорено.

# Јавни набавки

Во текот на месец октомври 2019 година, утврдена е потреба од започнување на 1 постапка за јавна набавка за која е донесена одлука за јавна набавка, објавен е 1 оглас за јавна набавка на ЕСЈН, донесени се 3 одлуки за избор на најповолни понудувачи и склучени се 2 договори за јавна набавка со вкупна вредност од 881.000,00 денари без ДДВ, односно 1.028.920,00 денари со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 3 | 2 |

*Табела 6. Јавни набавки октомври 2019*

# Реализација на буџет

Во месец октомври 2019 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2019 година | Реализација на буџетот до 31.10.2019 | Реализација на буџетот од 01.10.2019 – 31.10.2019 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2019 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 23.643.000,00 | 18.573.774,00 | 1.857.942,00 | 5.069.226,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 8.745.000,00 | 7.027.954,00 | 704.737,00 | 1.717.046,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 200.000,00 | 86.198,00 | 0 | 113.802,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.350.000,00 | 1.615.967,00 | 86.840,00 | 734.033,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 450.000,00 | 309.727,00 | 71.349,00 | 140.273,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 2.500.000,00 | 1.578.989,00 | 266.735,00 | 921.011,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.354.000,00 | 613.371,00 | 51.438,00 | 740.629,00 |
| **426-други тековни расходи** | 560.000,00 | 342.074,00 | 29.936,00 | 217.926,00 |
| **464-разни трансфери** | 15.000,00 | 15.000,00 | 0 | 0 |
| **465-исплата по извршни исправи** | 31.000,00 | 30.214,00 | 0 | 786,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 500.000,00 | 314.566,00 | 0 | 185.434,00 |
| **483-купување на мебел** | 50.000,00 | 0 | 0 | 50.000,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 4.000.000,00 | 814.217,00 | 0 | 3.185.783,00 |
| ВКУПНО | **44.398.000,00** | **31.322.051,00** | **3.068.977,00** | **13.075.949,00** |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*